РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во врска со доставеното Барање на мислење за постоење на судир на интереси, во однос на тоа:

- Дали вработените во Центарот за социјална работа – Виница на работни места Правник, Систем оператор за внес, Социолог и Виш соработник за човечки ресурси истовремено се и лиценцирани даватели за лична асистенција, дали во времето кога не се на работна позиција можат да даваат лична асистенција и дали има судир на интереси со кое е предвидено постапувањето на Државната комисија за спречување на корупција;

Државната комисија известува дека наведеното барање не се однесува на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси со кои е предвидено постапувањето на Државната комисија во случај на постоење судир на интереси, но укажува на член 44 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси кој треба да се има во предвид од страна на секое службено лице:
„(6) Службено лице може да остварува приходи од научни, наставни, културни, уметнички и спортски активности и приходи од авторски, патентни и слични права, интелектуална и индустриска сопственост, освен ако со закон не е поинаку определено.“
Исто така, Државната комисија  упатува на Законот за работните односи, Законот за вработените во јавниот сектор, Закон за социјалната заштита и Вашите интерни прописи.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk